АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-09. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4149 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 7 август 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 септември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 08.06.2018 година, за непочитување на член 14 од од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-335, 08.06.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 дена од денот на приемот на решението (18.06.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 7 август 2018 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението** за изрекување мерка *(Уп1 бр. 03-335, 08.06.2018 година)*, односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

Во емисијата **„Добра идеја“**, емитувана на 7 август 2018 година, не беа објавени нужните административни податоци за уредувачкиот, за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 7 август 2018 година, во емисијата **„Добра идеја“** не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 08.06.2018 година, телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***